КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 09-1010/1
04.12.2018 год.
СКОПЈЕ

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1758/1
04.12.2018 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на ден 04.12.2018 помеѓу:

**1.Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија,** со седиште на ул. „Македонија“ бб, Палата “Лазар Поп Трајков”, кат 4, 1000 Скопје, застапувана од Претседател м-р Нора Алити и (во понатамошниот текст: КХВ)

**2.Стопанска комора на Македонија**, со седиште на ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 13, 1000 Скопје, застапувана од в.д. Извршен директор Билјана Пеева-Ѓуриќ (во понатамошниот текст: Комората),

во натамошниот тек, “Договорени страни”.

**Член 1**

Предмет на овој меморандум за соработка е воспоставување и развивање на деловна соработка во рамките на дејностите, активностите, знаењето и искуството на секоја договорна страна, со цел заедничко унапредување на активностите, усогласување на посебните и заедничките интереси и за обезбедување на единствен професионален интерес на потписниците.

Со овој Меморандум за соработка, договорните страни го уредуваат меѓусебниот однос како и можностите за унапредување на меѓусебната соработка, меѓусебна помош и подобрување на квалитетот на работата на Комисијата и на компаниите-членки на Комората, како и поголема инклузивност на компаниите во работата и остварувањето на предвидените цели на Комисијата.

**Член 2**

Носители на активностите и проектите кои ќе произлезат од меѓусебната соработка која е утврдена со овој Меморандум, ќе бидат Комисијата и Комората.

Активностите кои ќе произлезат од проектите, ќе се спроведуваат преку заемна соработка во однос на организацијата и реализацијата на специјализирани презентации, семинари, советувања, форумски дебати, конференции, обуки и други активности, врз основа на меѓусебен договор на двете страни потписнички на овој Меморандум.

**Област на соработка**

**Член 3**

Заради остварување на целите на овој Меморандум, Комисијата и Комората ќе соработуваат при спроведување на следниве активности:

- Стручна едукација на компаниите-членки на Комора, од аспект на обврските кои произлегуваат од законите кои се во надлежност на Комисијата, а кои уредуваат права и обврски за деловните субјекти-членки на Комората;
- Специјализирани презентации на постојните и новите законски решенија од областа на пазарот на капитал со цел да се подигне нивото на свест кај компаниите за обврските кои ќе произлезат од истите;
- Јавни дебати и предлози во однос на постојните и новите законски решенија, како и иницијативи за измени на одредени законски и подзаконски акти;
- Промоција на проекти и публикации од заеднички интерес со цел унапредување на претприемништвото и зголемување на атрактивноста на пазарот на капитал заради поголемо учество на компаниите членки на Комората на истиот;
- Зајакнување и унапредување на корпоративното управување кај компаниите членки на Комората, преку организација на различни активности, како и организирање на конференции, работилници и едукации со домашни и странски експерти;
- Зголемување на интересот кај компаниите за нивно активно учество на пазарот на капитал преку издавање на корпоративни обврзници, јавна понуда на хартии од вредност и иницијална понуда на хартии од вредност;
- Организирање на специјализирани обуки согласно законската регулатива во надлежност на Комисијата, во областите на пазарите на капитал, преземање на акционерски друштва, трговските друштва, хартиите од вредност заради континуирано функционално образование и иновација на знаењата кај членките на Комората;
- Организирање на предавања преку семинари, форумски дебати, трибини и конференции со предавачи (експерти) од Комисијата во областите на финансиите, пазари на капитал и хартиите од вредност;
- Реализација на учество на вработените од Комисијата како предавачи на семинарите, работилниците, тренинзите и обуките во организација на Комората;
- Давање стручни совети, информации и помош од Комисијата на Комората и обратно со цел подобрување на резултатите на работењето;

- Активна взаемна партиципација во проекти финансирани од страна на Европската Унија и користење на Европските и останатите меѓународни фондови поврзани со пазарот на капитал;
- Реализација на семинари, конференции и работилници на различни теми од заеднички интерес за пошироката јавност;

**Член 4**

Секоја активност, проект или друг вид на меѓусебната соработка која ќе произлезе од овој Меморандум, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија ќе ја извршат врз основа на претходно склучен договор од двете страни кој ќе го содржи описот на активностите, лицата вклучени од двете страни, периодот кога ќе се изврши и условите под кои ќе се извршат условите.

**Важност на меморандумот**

**Член 5**

Меморандумот може да биде отповикан, во кој случај договорната страна која го отповикува меморандумот е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна со наведување на причините за отповикувањето.

Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот кога е добиено писменото известување за отповикување.

**Член 6**

Овој меморандум е составен во 4 еднакви примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**Член 7**

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| **Комисија за хартии од вредност на Република Македонија** | **Стопанска Комора на Македонија** |
| **Претседател** | **в.д. Извршен директор** |
| **м-р Нора Алити** | **Билјана Пеева Ѓуриќ** |